Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 197/2
14.05. 2024 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 32-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 28.03.2024 година, со почеток во 15.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 31-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Годишен план за реализација на активностите од енергетска ефикасност за 2024 година.
3. Предлог- Одлука за давање согласност за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Надзорен одбор на Заедничкото јавно претпријатие- Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци.
4. Предлог- Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на член на Надзорен одбор на Заедничкото јавно претпријатие- Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР -ШЕПА Кавадарци.
5. Предлог- Одлука за именување на еден претставник во училишниот одбор на ООУ „Даме Груев"Градско.
6. Предлог- Позитивно мислење за Програмите за изведување на ученички екскурзии и излети во учебната 2023/2024 година во ООУ „Даме Груев" Градско.
7. Предлог- Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Клепа" Градско за 2023 година.
8. Разгледувања на барања и поднесоци
9. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да се дополни со 1(една) точка и тоа:

1.Предлог- Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско.

Боне Спасовски- на минатата седница побарав да се стави точка на дневен ред за дислокација на депонијата, зошто не е ставена.

Мирјана Ѓорѓиева- ќе биде ставена на некоја од нередните седници.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 32-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 31-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 31-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 31-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 31-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Годишен план за реализација на активностите од енергетска ефикасност за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишниот план за реализација на активностите од енергетска ефикасност за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Годишниот план за реализација на активностите од енергетска ефикасност за 2024 година.

*3.Одлука за давање согласност за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Надзорен одбор на Заедничкото јавно претпријатие- Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Надзорен одбор на Заедничкото јавно претпријатие- Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Надзорен одбор на Заедничкото јавно претпријатие- Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци.

*4.Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на член на Надзорен одбор на Заедничкото јавно претпријатие- Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР -ШЕПА Кавадарци.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Решението за формирање на Комисија за селекција за избор на член на Надзорен одбор на Заедничкото јавно претпријатие- Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР -ШЕПА Кавадарци.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Решението за формирање на Комисија за селекција за избор на член на Надзорен одбор на Заедничкото јавно претпријатие- Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР -ШЕПА Кавадарци.

*5.Одлука за именување на еден претставник во училишниот одбор на ООУ „Даме Груев"Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Мирјана Ѓорѓиева- ја предлагам Љупка Славева Димовска.

Слободан Бошков- јас го предлагам досегашниот член Заим Турковиќ, им искуство и ја знае проблематиката.

Се пристапи кон гласање, Љупка Славева Димовска гласаа 5 ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, а за Заим Турковиќ гласаа 4 ЗА и 5 ПРОТИВ.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, за член во училишниот одбор на ООУ „Даме Груев"Градско со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ беше избрана Љупка Славева Димовска.

*6.Позитивно мислење за Програмите за изведување на ученички екскурзии и излети во учебната 2023/2024 година во ООУ „Даме Груев" Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде директорката на ООУ даме Груев, Каролина Кирова. Прво се доставува на мислење до БРО, имаше измени во километрите каде што е излет, треба одлука од родителите за децата од 9 одделение да бидат со едно или две ноќевања. Потоа програмите одат на совет, на училишен одбор па на совет на родители.

Јованче Стојанов- ако е екскурзија.

Каролина Кирова- од БРО е излет до 30 км, а до Нежилово е повеќе поради тоа беше одбиена, мораше да направиме промена.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување Програмите за изведување на ученички екскурзии и излети во учебната 2023/2024 година во ООУ „Даме Груев“ Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско даде Позитивно мислење за Програмите за изведување на ученички екскурзии и излети во учебната 2023/2024 година во ООУ „Даме Груев“ Градско.

*7.Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Клепа“ Градско за 2023 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Катерина Минова од Правеко, водиме кноговодство за ЈКП Клепа. Годинава ЈКП Клепа ја заврши со добивка од 487.203,00 денари. Вкупните приходи од работењето се 11.342.716, 00 денари, најголем дел од приходите се од редовна работата од дејноста што ја вршат. Вкупните трошоци се 10.640.078,00 денари, од кои најголем дел се за поправки, одржување, трошоци за суровини и други материјали, трошоци за вработените, за регрес. Разликата е со превземањето на долгот за ЕВН од ЈКП Комуналец. Основните средства се истите, нема нови набавки.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Клепа“ Градско за 2023 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Клепа“ Градско за 2023 година.

*8.Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско.

*9.Разгледувања на барања и поднесоци*

-нема

*10.Разно*

Ванчо Цветков- сакам да Ве информирам во однос на годишните извештаи за спроведување спроведување на утвдените тарифи за Водоснабдување и за Одведување на отпадни води на ЈКП Клепа за 2023 година. Нема разлика во тарифникот од предходните години. Сегашниот тарифник ќе се донесе во јуни месец и ќе важи од 2025-2027 година. Цените ќе претрпат разлики поради тоа што се пораснати трошоците, односно реално се прикажани. Регулаторна ќе одреди цена, но после тоа повторно поминува на совет. Вработените во ЈКП се истите само што им е трансформиран работниот однос од определено на неопределено работно време. Реалната цена на водата треба да биде 33,4 денари за ЈКП да не биде во загуба, но за тоа ќе одлучи регулаторна.

Маја Андовска- колку пати годишно водата се ипитува лабораториски.

Ванчо Цветков- месечно се испитува еднаш или два пати, од ЈЗУ земаат примерок не ни кажуваат од каде и ни доставуваат извештај, но како приоритет земаат од школото, градинката и сл. Доколку има појава на бактерија земаат и дополнително и ни даваат препорака што треба да се направи. Доколку ние сакаме сами да се испита водата, ако сметаме дека има потреба, ги повикуваме и за тоа ни наплаќаат.

Маја Андовска- прашувам поради тоа што граѓаните се жалат на чешање и печење на очите.

Ванчо Цветков- тоа може да е алергиска реакција, но меже да побараме дополнително да се провери.

Маја Андовска- дали од ЈЗУ знаат дека и во Долно Градско има пумпа.

Ванчо Цветков- не зависно од нас сами земаат примероци од сите населени места, може да земат и од некој двор, а може и ние во стерилно шише да однесиме од водата.

Цане Будимов- ако има нешто ќе има стомачни проблеми.

Маја Андовска- во врска со улицата штоја раскопаа во Долно Градско луѓето што работеа си заминаа не работат повеќе, луѓето се жалат кога ќе се направи зошто е во застој. Исто така има реакција од жителите и за старите лулашки што се оставени, таков парк не ни треба.

Боне Спасовски- сакам да прашам кога поставувам прашање нели треба да добијам одговор.

Мирјана Ѓорѓиева- градоначалникот постојано дава одговор на поставените прашања.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 32-та седница во 16:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева